# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## ООУ„КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“ – СКОПЈЕ КИСЕЛА ВОДА

**за период од 2022 до 2026 година**




Датум

**Август 2022 година**

## Преамбула

**Врз основа на Законот за основно образование објавен во Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година, односно:**

**Член 49**

(1) Основното училиште изготвува Развојна програма за работа.

(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

**Врз основа на Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 година донесен од министерот за образование и наука, односно:**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на Развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

**Член 2**

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

**Содржина**

**Вовед ....................................................4**

**1. Податоци за основното училиште.......................5**
1.1. Идентификациони податоци за училиштето.....................5
1.2. Историјат на основното училиште............................6
1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта..........6
**2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште..........7**
2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка..........7
2.2. Работен стаж на вработените..........8
2.3. Простор……………………………………………..……8
2.4. Опрема и наставни средства…………………........9
2.5. Материјално-финансиско работење на училиште………........10
**3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма………………11**
**4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години……….......12**
4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна)……………12
4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна)……….....14
**5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)…………........14**
Локални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години………...14
Национални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години…....15
Меѓународни фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години…..16
**SWOT анализа……………………………..……17**

**6. Мисија и визија на основното училиште…………………..18**

**7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период ……………………..18**

**8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите…………......21**

**9. Соработка на основното училиште со општина, институции од областа на образованието, НВО и други………….................23**

**10. Следење на иплементацијата на развојната програма за работа на основното училиште……....25**

**11. Евалуација на развојната програма за работа на основното училиште……………....26**

**12. Заклучок…………………..…26**

**13. Комисија за изработка на развојната програма за работа на основното училиште……….........27**

**14. Користена литертура………………….........27**

## Вовед

Училишното развојно планирање е континуиран стратешки процес заснован на константно истражување за препознавање на автентичните потреби на училиштето и пронаоѓање начини како тие потреби да се задоволат. Тоа претставува основа за остварување на посакувани и неопходни промени во сите сегменти на училишниот живот. Развојната програма на нашето училиште е насочена кон реализација на визијата на училиштето и истата ќе биде поттик за работа и учење, меѓусебна соработка, а истовремено ќе ги задоволи интересите и потребите на наставниот кадар, учениците, родителите и локалната заедница. Од јасната визија и добро дефинираните цели за унапредување на работата на училиштето, како и од благовремените повратни информации за успесите, слабостите и постигнатите резултати ќе зависи целокупниот развој на нашето училиште, успехот и неговата позиција во локалната средина и пошироката општествена заедница.

Како резултат на процесот на развојното планирање, произлезе документот „Развојна програма на основното училиште ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Скопје од 2022 – 2026 година“ во кој ги определивме основните правци на развој на нашето училиште во наредниот четиригодишен период. Со оваа програма се обврзуваат сите учесници на заедничка акција за развивање на основните приоритетни области и остварување на стратешките цели, а на тој начин ќе се насочува целокупниот развој на училиштето. Програмата содржи активности што ќе ги преземе училиштето со цел да се отстранат слабостите и реализирање на активности што ќе доведат до унапредување на квалитетот на работата.

Програмата се темели на анализа на постојната состојба, вреднување на постигнатите резултати и препознаените приоритетни потреби на нашето училиште. Анализата на сегашната состојба ја направивме врз основа на следењето и анализата на претходната Програма за развој на училиштето за период од 2018 – 2022 година, резултатите од последната Самоевалуација на училиштето, Годишните извештаи за работа на училиштето во претходните 4 учебни години, но и од препораките од конечниот извештај од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат.

Нашата цел е развој на ООУ„ Кирил Пејчиновиќ “ – Скопје во училиште каде се обликуваат компетентни луѓе во стручна смисла коишто тимски соработуваат, се формираат чесни и здрави млади луѓе преку воспитно – образовната работа, со развивање на нивната иницијативност, креативност, професионализам и отвореност кон другите и различните. Сакаме училиште во кое учениците и вработените го доживуваат училиштето како институција во која припаѓаат, а тоа претпоставува позитивна клима, задоволство и мотивираност за учење и работа.

**Оваа развојна програма е изработена врз основа на:**

- Законот за основно образование
- Законот за наставници и стручни соработници
- Законот за работни односи
- Законот за јавни набавки
- Законот за организација и работата на органите на државната управа
- Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
- Статутот на училиштето
- Стратегијата за образование 2018 – 2025
- Наставниот план за основно образование

- Наставните програми по предметите кои се реализираат во основното образование
- Годишните програми на училиштето од претходните четири години
- Извештаите за работата на училиштето од претходните четири години
- Извештајот од интегралната евалуација на училиштето во 2019 година
- Самоевалуацијата на училиштето за периодот од 2017-2019 година и
- Самоевалуацијата на училиштето за периодот од 2019-2021година.

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Кирил Пејчиновиќ |
| Адреса | ул. „Пушкинова“ бр. 17, Кисела Вода, Скопје |
| Телефон | (02) 2776643 |
| Место, општина | Скопје, Кисела Вода |
| Веб-страница | веб: https://www.kirilpejcinovic.edu.mk |
| Е-маил | kirilpejcinovicsk@yahoo.com<br>kirilpejcinovicsk@gmail.com |
| Ден на училиштето | 21 Март |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 4843 $m^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 2675 $m^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | / |
| Број на ученици (моментална состојба) | 981 |
| Број на паралелки | 39 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 смени |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | / |

## 1.2. Историјат на основното училиште

**Нашето училиште го носи името на Кирил Пејчиновиќ кој бил воспитаник на црквата, калуѓер кој заедно со Јоаким Крчовски прави еден вид премин од нашата средовековна книжевност кон новиот начин на пишување.**

Првото училиште кое е изградено во Скопје и го носи неговото име, датира од далечната 1944 година непосредно по ослободувањето на Скопје. Дојдовме до податок дека тоа работело уште во 1937 година. Во 1972 година се гради нова современа училишна зграда во Кисела Вода. Новата училишна зграда располагала со 16 светли и хигиенски училници, 7 предметни кабинети, фискултурна сала, простории за дневен престој, просторија за приредби со бина, кинопроекциона сала, библиотека со читална, кујна со трпезарија.

Првата учебна 1972/73 година училиштето почнува да работи со 902 ученици од прво до осмо одделение, распоредени во 27 паралелки, две групи дневен престој со 67 ученици и 40 деца во забавиште. За прв директор се именува господинот Крсто Јовановски кој раководи со училиштето сé до 1986 година. Тековно низ годините со училиштето управувале следниве директори: Атанас Димитров, Драгослав Булатов, Цветанка Бошњак, Лепа Шекерова, Даница Нонкоска, Ленче Манева, Тони Илиев, Сашо Јованоски, а од 24 октомври 2018 директор на училиштето е Борче Миревски.

Училишната зграда има современи услови за работа, постојано се реновира и одржува и се набавуваат најсовремени нагледни средства и помагала. ООУ„ Кирил Пејчиновиќ " – Скопје има традиција долга 77 години во образование и воспитување на учениците. Во изминатите 7,7 децении основно образование училиштето перманентно расте и се развива, со постојано воведување на иновации во наставниот процес. Вработен кадар е со висока стручна спрема, стручната служба е во комплетен состав односно имаме: педагог, психолог, дефектолог и библиотекар. Подобрените услови за работа и квалитетниот кадар овозможува да се постигнуваат високи резултати на кои сме горди сите.

Училиштето е верифицирано со акт бр. 15-1990/1 03.12.1985 од Општински комитет на образование, култура и физичка култура на Собранието на Општина Кисела Вода 10-4291/3 од 1999 година издаден од Министерството за образование и наука

## 1.3.Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Општинското основно училиште „Кирил Пејчиновиќ" се наоѓа во град Скопје, во Општина Кисела Вода. Местоположбата на училиштето е поволна, бидејќи во негова близина се сместени административни центри: Општина Кисела Вода, Центарот за социјална работа. Училиштето има современа училишна зграда и училишен двор со спортски терени.

Училиштето остварува долгогодишна и успешна соработка со локалната самоуправа, останатите општински основни училишта, медиумите и други организации и институции.

Организираме многубројни хуманитарни акции развивајки ја хуманоста кај нашите ученици во соработка со Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Во рамки на реализација на Проектот за меѓуетничка интеграција, училиштето е добитник на еден грант за поддршка на заеднички активности за меѓуетничка интеграција со партнер училиштето.

Училиштето е вклучено во меѓународнате студи ТИМСС и ПИРЛС.

Училиштето под менторство на одделенски и предметните наставници, секоја година редовно учествува со свои ученици и остварува успеси на натпревари, конкурси, манифестации. Во текот на годините освојувани се и највисоките државни места добиваа пофалници и признанија. Наставниците и стручните соработници постојано учествуваат во голем број проекти, иницијативи и работни групи на државно ниво, каде се признаени како професионалци и даваат придонес во свои и во името на училиштето.

Во континуитет е зголемувањето на бројот на ученици.

Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваат по сите предмети и области на оценување. Средниот успех е во пораст во изминатите четири учебни години.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

### 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | НКВ | КВ | ССС V | ВШС VI | ВСС VII/1 | М-Р VII/2 |
| Наставен кадар | Одделенска настава | 31 | / | / | / | 2 | 25 | 4 |
| | Предметна настава | 31 | / | / | / | / | 29 | 2 |
| Раководен кадар | 1 | | / | / | / | / | / | 1 |
| Стручни соработници | 4 | | / | / | / | / | 4 | / |
| Административни службеници | 2 | | / | / | 1 | / | 1 | / |
| Помошен и технички кадар | 6 | | 5 | 1 | / | / | / | / |

### 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 3 | 7 | 1 | / | 1 | / |
| Од 10 до 20 години | 14 | 17 | 3 | / | 2 | / |
| Од 20 до 30 години | 8 | 6 | / | 1 | 2 | / |
| Повеќе од 30 години | 6 | 1 | / | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | 31 | 31 | 4 | 2 | 6 | 1 |

## 2.3.Простор

| **Простор** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 22 | 2168 м2 | 5 | |
| Кабинети | 10 | | 5 | |
| Библиотека | 1 | 70 м2 | 5 | реконструкција |
| Медиотека | / | / | / | |
| Читална | / | / | / | |
| Спортска сала | 1 | 448 м2 | 5 | |
| Канцеларии | 4 | 160 м2 | 5 | |
| Училиштен двор | 1 | 2675 м2 | 5 | |
| Заеднички простор за прослави | | | | |
| Кујна | 1 | 166 м2 | 5 | |
| Трпезарија | 1 | | | |
| Друго | | | | |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Одделенска настава | 3 СМАРТ табли<br>4 проектори<br>9 PCs (компјутери)<br>2 печатачи<br>4 рутери<br>8 лаптопи | Компјутери<br>Принтери<br>Печатачи<br>HDM кабли<br>рутери |
| Информатика | 4PCs, 10 работни станици,<br>SMART Табла<br>1 фотокопир со печатач<br>1 печатач со скенер<br>1 рутер | Лаптопи и компјутери |
| Математика | 2 SMART телевизори<br>2 PCs<br>2 магнетни табли | SMART Табла |

| | | |
|---|---|---|
| | 2триаголници,шестар,<br>3Д форми, 2Д форми, мерни инструменти за должина, маса, зафатнина, магнетни помагала, шаблони за поплочување на рамнина (тесалација), изометриски табли, магнетни шаблони со дропки, магнетна бројна оска | |
| Физика | 1 рутер, 1 PC<br>амперметар-1, волтметар-1, галванометар-1, демонстратор за 1 Њутнов закон-1, рачен генератор-1, демонстратор за магнетни силови линии-1, прачкаст магнет-3, магнет потковица-3, ел.магнет-1, демонстратор на ел. магнетно поле-1 | |
| Хемија | 1 PC<br>вимс-хертова машина-1, стаклена чаша-2, инка стаклена-2, мензура-2, сталажа за епрувети-2, пипета-капалка-1, лакмус ПХ-1, филтер хартија, епрувети-20, четки за епрувети-5, фенолфталин раствор, натриум хидроксид, магнезиумова лента, постер за ковалентни врски | 1 SMART телевизор |
| Биологија | 1 PC<br>1 рутер<br>Пулт за експерименти, Магнетна табла, тв, микроскоп-1, микроскопски препарати по ботаника, предметно стакло- 10, покривно стакло-10, модел на човечко тело-1 | |
| Македонски јазик | 1 PC | Телевизори<br>Компјутери- лаптопи |
| Англиски јазик | 1 SMART телевизор, 1 PC<br>CD-pleer-2 | |
| Географија | 1 SMART телевизор<br>сите потребни географски и тематски карти, глобуси ( географски и индукциски)<br>модели на вулкани, кањони, речни долини, збирки на карпи | 1 PC |
| Историја | 1 SMART табла, 1 PC | |
| Музичко образование | 1 клавинова | |
| Физичко и здравствено образование | мрежа за одбојка-1, јажиња за скокање-10, топки за ракомет (кожни и гумени)-10, хулахопи-10, фудбал-5, топка за одбојка- 5, 1 маса пинг-понг, топчиња за пинг-понг, сет за бадминтон, ѓуле | топка за одбојка- 5 |

## 2.5.Материјално-финансиско работење на училиште

Постапките што ги спроведува нашето училиште за материјално- финансиско работење се во согласност со законските норми. Училишниот Одбор е запознаен со планирањето и реализацијата на средствата од сопствената сметка на училиштето. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства и тој го следи наменското трошење на овие средства. Во училиштето има Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите прописи и правила поврзани со реализацијата на јавните набавки. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

## 3.**Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа**

Во основното училиште се реализира Наставниот план и програма за основно образование.

Во училиштето е застапена задолжителна настава по сите наставни предмети со предвидениот број на часови според Наставниот план за основно деветгодишно образование.

Наставниот план за деветгодишно основно образование го изработува Бирото за развој на образованието пред почетокот на секоја учевбна година. Согласно наставниот план за основно образование, во ООУ „Кирил Пејќиновиќ“ – Скопје во изминатите 4 учебни години се изучуваа следниве наставни предмети

| Задолжителни предмети | Изборни предмети |
|---|---|
| ➢ Македонски јазик (1 – 9 одд.)<br>➢ Математика (1 – 9 одд.)<br>➢ Англиски јазик (1 – 9 одд.)<br>➢ Ликовно образование (1 – 9 одд.)<br>➢ Музичко образование (1 – 9 одд.)<br>➢ Природни науки (1 – 6 одд.)<br>➢ Техничко образование (4 – 6 одд.)<br>➢ Работа со компјутер и основи на програмирањето (3 – 5 одд.)<br>➢ Информатика (6 – 7 одд.)<br>➢ Општество (1 – 5 одд.)<br>➢ Географија (6 – 9 одд.)<br>➢ Историја (6 – 9 одд.)<br>➢ Етика (7 одд.)<br>➢ Граѓанско образование (8 – 9 одд.)<br>➢ Биологија (7 – 9 одд.)<br>➢ Физика (8 – 9 одд.)<br>➢ Хемија (8 – 9 одд.)<br>➢ Иновации (9 одд.)<br>➢ Физичко и здравствено образование (1 – 9 одд.) | ➢ Творештво (4 – 5 одд.)<br>➢ Етика на религии (6 одд.)<br>➢ Запознавање на религиите (6 одд.)<br>➢ Класична култура во европс. цивилизац. (6 одд.)<br>➢ Нашата татковина (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Воспитание за околината (7, 9 или 9 одд.)<br>➢ Истражување на родниот крај (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Танци и народни ора (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Проекти од музичката уметност (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Проекти од ликовната уметност (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Техничко образование (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Проекти од информатиката (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Изборен спорт (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Унапредување на здравјето (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Вештини за живеење (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Програмирање (8 или 9 одд.) |

Согласно наставниот план, со учениците од 2 – 9 одд. се реализира Час на одделенската заедница со обработка на работилници од Програмата „Образование за животни вештини“.
Исто така, со учениците од 2 – 9 одд. се реализра дополнителна настава и додатна настава, а со ученици од 6 – 9 одд. се реализираат часови за училишен хор и училишен оркестар.
Наставните програми опфаќаат развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за наставата за секое одделение, конкретни цели по програмски подрачја со дадени содржини, поими, активности и методи. Покрај тоа, наставните програми содржат: дидактички препораки, оценување на постигањата на учениците, просторни услови за реализирање на наставната програма и норматив за наставен кадар.
Според Концепцијата за основно образование и воспитание, а согласно член 40 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 05.08.2019 година), во ООУ „ Кирил Пејќиновиќ “ – Скопје се реализира проширена програма. Проширената програма на училиштето опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжителен престој согласно закон.
Во училиштето се организира и реализира настава во продолжен престој за учениците од I до IIIодд. Во продолжен престој учениците се вклучуваат по барање на родителот, односно старателот. Во текот на целиот престој, за учениците се организира настава согласно со Упатството за настава во продолжен престој на учениците, што го утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието.
Училиштето активно организира и реализира воннаставни активности како: слободни ученички активности (секции), екскурзии, натпревари, јавна и културна дејност, општествено – корисна работа, како и активности на Ученичкиот парламент, на Црвен Крст и Детската организација.
Последните две учебни години наставата се организира во согласност со одлуките од МОН за примена на планот и протоколот за одржување на наставата во основното училиште.
Наставата се изведува на македонски наставен јазик.
Согласно Наставниот план, прв задолжителен странски јазик е англискиот јазик, а како втор странски јазик учениците изучуваат германски јазик
Од учебната 2021/22 година во прво и четврто одделение се реализира наставен план и програма согласно Концепцијата за основно образование усвоена во март 2021 година.
Училиштето е верифицирано со акт бр. 15-1990/1 03.12.1985 од Општински комитет на образование, култура и физичка култура на Собранието на Општина Кисела Вода
10-4291/3 од 1999 година издаден од Министерството за образование и наука

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

### 4.1. Самоевалуација на основното училиште

| **Подрачје** | **Резултати** |
|---|---|
| Наставни планови и програми | 1. Покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставните плановите и програмите до МОН и БРО.<br>2. Учениците да се вклучат во изборот и планирањето на програмите за работа на вонаставните активности. |

| | |
|---|---|
| Постигнувања на учениците | 1. Споредбена анализа и следење на постигањата на учениците по етничка припадност и премин од еден класификационен период во друг.<br>2. Спроведување на систем за идентификување и превземање мерки за работа со надарени и талентирани учениците.<br>3. Не се добива повратна информација за постигнатиот успех на учениците при преминот од основно во средно образование (пронаоѓање начин за добивање информации за учениците кои завршиле девето одделение) |
| Учење и настава | 1. Континуирана обука на наставниците за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и истите да ги применуваат во наставата.<br>2. Осовременување на сите кабинети со потребни нагледни средства и помагала.<br>3. Да се зголеми бројот на лектирните изданија од лектирите кои се обработуваат. |
| Поддршка на учениците | 1. Изработка на документ во кој се дефинирани пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците што заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и кои поради ниската социјална состојба не се во материјална можност да обезбедат дополнителни средства за учество во одредени активности. |
| Клима во училиштето | 1. Да се изнајдат начини и да се направат иницијативи за поактивно учество и побројно учество на родителите во животот и активностите на училиштето посебно на формалните родителски средби но и да се поттикнат родителите сами да преземат иницијатива и да организираат почесто индивидуални средби со наставниците – во нивните приемни денови.<br>2. Зајакнување на улогата на ученичката заедница и на родителите за да се одржува континуирана вклученост на учениците и родителите во донесувањето одлуки во училиштето.<br>3. Да се изнајдат начини и да се направат иницијативи за поактивно учество на родителите при реализација на проекти, учество на трибини и работилници. |
| Ресурси | 1. Инфраструктура - реновирање на останатите руинирани подови во училиштето, Санација на тоалетите на вториот спрат....<br>2. Континуирано одржување на училишната зграда и нејзината инфраструктура<br>3. Материјално-технички средства - редовна и навремена набавка на потрошен материјал за непречено одвивање на наставата и наставниот процес (тонери, хартија,креди во боја.....) |
| Раководење, управување и креирање политики | 1. Континуирани обуки за членовите на УО<br>2. Професионален развој - понатамошно и континуирано усовршување на вработениот наставен и стручен кадар<br>3. Интерни акти и одлуки-надминати се како слаба страна, но и понатаму ќе се реализираат како идни активности за поставени |

| | |
|---|---|
| | цели по потреба |

## 4.2.Интегрална евалуација на основното училиште

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Наставниот процес во ООУ„Кирил Пејчиновиќ“, општина Кисела Вода – Скопје, се реализира согласно наставните планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и обезбедуваат постигање на целите на концепцијата за основно образование. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат.<br>Со ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава работат сите наставници според Индивидуален образовен план. Училиштето има формирано инклузивен тим согласно со законските прописи и под тимови за секој ученик во кој се вклучени и родителите на ученикот. Со учениците кои имаат потешкотии, а се детектирани од страна на наставниците и стручните соработници се работи индивидуално и континуирано.<br>Училиштео има воспоставено процедура за избор на изборни наставни предмети. Постапката за избор се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Изборот се врши преку понудени повеќе изборни предмети, со спроведување на анкети за ученици и родители.<br>Во училиштето се реализира продолжен престој, како дел од проширената програма за учениците од прво до трето одделение.<br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците.<br>Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. За афирмирање на воннастаставните активности, училиштето користи различни медиуми:ТВ емисии, веб страна, социјални мрежи, промотивни флаери.<br>Училиштето планира и реализира ученички екскурзии, како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. |
| | Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.<br>Постигањата на учениците во последните три учебни години, |

| | |
|---|---|
| Постигнувања на учениците | говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања. Средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува 4,59.<br>Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и континуирано презема конкретни активности во таа насока.<br>Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надерените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>Голем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области.<br>Во последните три учебни години постигањата на учениците се солидни. Учениците редовно учествуваат на натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.<br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Постои утврдена процедура на ниво на Општина Кисела Вода за запишување ученици во прво одделение. Истата содржи инструменти и активности кои овозможуваат целосен опфат на учениците од својот реон.<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Според спoредбените анализи бројот на неоправдани изостаноци има тенденција на големо намалување, а бројот на оправданите изостаноци е во тенденција на зголемување. Причина за зголемениот број на оправдани изостаноци се сезонските заболувања кај учениците.<br>Од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години, нема ученици кои ја повторувале годината. |
| | Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручна служба. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците, како и поддршка за изработка на ИОП.<br>Се следат планирањата на наставниците од страна на дитекторот и од стручната служба - (четири пати во годината). Изготвени се евидентни листи и протокол за следење на планирањата.<br>Наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематски |

| | |
|---|---|
| Учење и настава | планирања во согласност со наставните планови и програми изготвени од Биро за развој на образованието, утврдени од Министерот за образование и наука. Во согласност со тематските планирања, наставниците изработуваат оперативни планирања за наставен час.<br>Распоредот на часови за предметна настава е направен според просторните и кадровските можности на училиштето и се настојува најпрво да ги задоволат потребите на учениците. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.<br>Најголем број од наставниците користат разновидни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Најголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, групи или заедничка работа со целата паралелка. Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува.<br>Поголем дел од наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Во училиштето, во повеќето училници и административни простории има интернет врска. Најголем дел од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата.<br>Континуирано се прибираат информации за постигањата, напредокот и редовноста на учениците. Наставниците на транспарентен начин ги известуваат родителите и учениците за оценката и се даваат препораки за подобрување на постигањата на учениците. До родителите редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по периоди. За успехот и постигнатите резултати се расправа на организирани индивидуални или групни родителски средби, а се организира и „отворен ден“ за прием на родителите од страна на сите наставници. |
| | Училишниот простор е безбеден за изведување настава. И просторот и учениците се осигурани преку осигурителни компании. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на |

| | |
|---|---|
| Поддршка на учениците | учениците при несреќни случаи. Исто така, училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт План за заштита и спасување од природни непогоди и несреќи и изведува интерни симулации за постапување во случај на елементарна непогода. Во училиштето функционира видео надзор, има поставено хидранти и ПП апарати, редовно сервисирани од овластена надлежна институција.<br>Во училиштето постојат пишани документи како Куќен ред и Кодекс на однесување, Правилник за педагошки мерки. Има организирани редовни дежурства на наставниците.<br>Во училиштето се врши подготвување на храна во вид на појадок, топол оброк за учениците од прво до трето одделение (продолжен престој) од страна на фирма која е избрана на тендер. Редовно се вршат контроли на храна од страна на релевантна институција.<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развојот. Во зградата на училиштето има пристапна рампа наменета за учениците со телесни пречки во развојот. Во училиштето во последните три учебни години нема ученици со физичка попреченост.<br>Училиштето спроведува активности за грижа за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства со собирање и дарување на облека, училишен прибор, обувки, храна, и за ученици кои имаат сериозно заболување ( потреба од операција ). Се организираат разни хепенинзи со хуманитарен карактер.<br>Хигиената во училиштето е добра. Во училишниот двор и во секоја училница има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има програма за здравствена заштита на учениците и сите реализирани активности се евидентираат во дневникот на паралелката.<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за ученици кои подолго време отсуствуваат од редовна настава поради хронично заболување или посериозна повреда.<br>Запознавањето на учениците со можностите за понатамошно образование и професионалното насочување најчесто се врши од страна на наставниците, раководители на паралелки, педагогот и психологот. Училиштето е редовно посетувано од средни училишта кои им ги даваат потребните информации на учениците од деветтите одделенија и делат промотивен материјал.<br>Во училиштето се води евиденција за постигањата на учениците, редовноста, поведението. Евиденцијата им е достапна на учениците, родителите на родителските средби. Податоците од следењето се внесуваат во педагошка евиденција и документација од страна на наставниците. Исто така, наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи кои се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. |
| | Училиштето е препознатливо според квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области како и според остварувањето на Визија и Мисија.<br>Учениците го негуваат мултикултурализмот и постигнуваат високи |

| | |
|---|---|
| Клима во училиштето | резултати преку современата настава.<br>Во училиштето има коректен и квалитетен однос и взаемно почитување меѓу наставниците и учениците и меѓу самите ученици од сите етнички заедници.<br>Училиштето има сопствена, а наставниците и учениците заеднички се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Вработените и учениците со својата работа и однесување придонесуваат за постојана афирмација на училиштето.<br>Кај вработените во училиштето постои добар и професионален однос, со меѓусебна почит и добра меѓусебна соработка, како и соработка со стручната служба на училиштето која е на високо ниво.<br>Раководниот и наставниот кадар одржуваат постојано поттикнувачка атмосфера. Сите ученици, наставници и вработени во училиштето се чувствуваат безбедни и прифатени. Наставниот кадар ужива респект кај родителите.<br>Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за права на децата. Вработените во училиштето ги почитуваат правата на децата. |
| Ресурси | Училишната зграда е изградена во 1972 година. Објектот е од цврста градба со вкупна површина од 4843 $m^{2.}$ со приземје, два ката и подрумски простории.<br>Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар. Училиштето има јасен план и распоред за максимално користење расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>Фасадата е обновена со енергетска изолација. Целиот објект е со ПВЦ прозори и високо квалитетни врати.<br>Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала е добра и истата има тенденција на подобрување. Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Истиот ги изразува потребите утврдени од страна на стручните активи, а според финансиските можности и приоритети се обновуваат и дополнуваат.<br>Училишната библиотека располага со вкупно 14 458 примероци на книги или 6 817 наслови. Библиотеката е отворена за учениците секој работен ден, а библиотекарот работи според изготвена Годишна програма за работа и согласно предвидената динамика во програмата.<br>Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализација на воспитно – образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на |

| | |
|---|---|
| | воспитно – образовниот процес со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на МОН, како и со нивно индивидуално професионално образување. Работата на наставниот кадар е соодветно поддржана од страна на административно – техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж.<br>Стручната служба во училиштето е составена од психолог, педагог, дефектолог и библиотекар. Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организација и реализација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблеми на индивидуално и групно ниво и во давање на советодавна помош на учениците и родителите.<br>Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниците. Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, а истите се евидентирани во Професионалните досиеја на наставниците.<br>Постапките за финанскиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и редовно ја информира локалната самоуправа преку полугодишниот и годишниот извештај за финанско работење. |
| Раководење, управување и креирање политики | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција на образованието.<br>Раководниот орган (директор на училиштето) го следи воспитно – образовниот процес на училиштето и постигнувањата на учениците.<br>Работата на Совет на родители е планирана со програма која е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето. Постои деловник ҹа работа на Советот на родители.<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми.<br>Врз основа на самоевалуацијата е донесена Програмата за развој на училиштето.<br>Целите на програмата за развој се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата на училиштето. Училиштето има акциски планови за поставените цели.<br>Училиштето преку годишните извештаи ги информира наставниците, родителите и учениците за реализација на утврдените приоритети и се залага да ги земе во предвид нивните ставови. |

## 5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

### Локални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години

Училиштето се наоѓа во градот Скопје, во урбаниот дел на општина Кисела Вода. Во близина на училиштето има градинка, стопански објекти и институции со кои училиштето континуирано соработува. Жителите во реонот живеат во семејни куќи и во станбени згради.

Сообраќајната инфраструктура континуирано се реконструира и тековно се одржува. Заради безбедно движење на учениците, на улицата „Народни хероi“ пред училиштето се поставени лежечки полицајци.

Со текот на годините бројот на население во реонот на училиштето се зголемува, бидејќи младите брачни парови се доселуваат во станбени згради од другите скопски општини, а просекот на деца по семејство е 2 деца. Покрај тоа, последниве 10 години се интензивира и иселувањето во странство, а се иселуваат претежно млади луѓе. Заради сето тоа се намалува бројот на учениците во нашето училиште.

Училиштето континуирано дава информации за реализација на Годишната програма за работа и ги презентира постигнатите резултати остварени во текот на наставната година. Училиштето активно учествуваше во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни и хуманитарни акции), а притоа се развиваше еколошката свест, работните навики и солидарниот дух кај учениците и вработените. Учеството во прослава на празници, јубилеи, промоции и културни манифестации од јавен интерес овозможи подигнување на културно - образовното ниво, негување на историските вредности, развивање патриотски чувства и унапредување на културната традиција, меѓусебно дружење и соработка. Училиштето земаше активно учество на спортски манифестации организирани од локалната самоуправа, притоа беше развиен спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците, унапредена соработка и меѓусебно дружење.

Континуираната соработка со општинските основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции овозможи размена на знаења и искуства на наставниот кадар, унапредување на воспитно - образовната дејност. При посета на општинските основни училишта по повод одбележување на Денови на училиштата се продлабочуваше соработката и меѓусебното дружење, се подигнуваше културно - образовното ниво и се развиваа на патриотските чувства.

Училиштето соработува со средните училишта и учествува во нивна промоција, пришто учениците беа запознаени со работата на средните училишта и професионално се насочуваа.

Учеството на литертурни и ликовни конкурси, изложби и фестивали, организирани од Општина Кисела Вода, здруженија, НВО, институции и организации поттикнуваа интерес кај учениците за творење, се развиваа творечки и креативни способности кај учениците за ликовно и литературно изразување, се анимираа учениците и на тој начин се афирмира и промовира училиштето.

Училиштето има континуирана соработка со Поликлиника Јане Сандански заради увид во здравствената состојба на учениците, следење на развојот на учениците и превенција од заразни заболувања. Покрај тоа, учениците беа едуцирани за правилно одржување на забите и превенција од болести на забите.

Преку соработката со Полициската станица Кисела Вода - Пролет беше создадена безбедна средина за учениците, се размененуваа знаења и искуства за одржување на јавен ред и мир, превенција од насилство, превенција од употреба на петарди и други пиротехнички средства.

## Национални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години

Училиштето работи според Законот за основно образование според кој основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години).

Воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програма кои на предлог на БРО ги утврдува МОН.

Со реформите што континуирано се спроведуваат, во последните четири години се случија следниве законски измени во основното образование:

- Учениците со ПОП следат настава во редовните училишта.
- Во 2011 година ДПИ воведе индикатори за квалитетот на работата во училиштата, кои се ревидирани оваа година. Со примената на овие индикатори се оценува квалитетот на воспитни-образовниот процес, се дефинираат силните и слабите страни во работењето и се даваат препораки за подобрување. Индикаторите исто така помагаат и во постапката за самостојна евалуација на училиштето и во интегралната евалуација што ја врши ДПИ. Со цел да се обезбеди контрола на квалитетот на работата на наставниците во процесот на интегралната евалуација се вршеше и оценување на успешноста на нивната работа и исполнување на работните должности.
- Во 2012 година отпочна Проектот на УСАИД за Меѓуетничка интеграција во образованието, што се уште се реализира. Целта на оваа иницијатива беше во земјата да се создаде општествена и економска клима за поддршка на меѓуетничка интеграција во училиштата. За таа цел училиштата посетуваа обуки и организираа заеднички активности за наставници и ученици. Овој проект се реализираши во нашето училиште со партнер училиштето

  ООУ„7 Марси"- Чаир, Скопје. Меѓутоа, поради оптовареноста на ова училиште со друго партнер училиште оваа соработка заврши во 2017 година. Во 2020 година нашето училиште започна партнерска соработка со ООУ„АлијаАвдовиќ"- с.Батинци, Скопје. Овој проект сега се реализира со мултикултурна едукација во училиштето преку самостојни активности со учениците и преку заеднички активности со училиштето партнер.
- Во периодот од 2015 до 2017 година се изготвија критериуми и стандарди за професионален и кариерен развој на наставниците.
- Од учебната 2019/2020 година сукцесивно се воведува тандемската настава по физичко и здравствено образование во основните училишта, почнувајќи од прво одделение. Наставата ја реализира предметен наставник по физичко и здравствено образование во тандем со одделенските наставници;
- Учество на проект Вело-училиште
- Државниот завод за статистика секоја година прибира податоци во согласност со нивната Програма за статистички истражувања. Со овие истражувања се добиваат податоци за нашето училиште за почетокот и за крајот на учебната година.
- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и воннаставните активности според слободниот избор на учениците;
- Во јули 2020 год. од МОН предложен е Концепт за развивање на образование од далечина во основното и средното образование. Воспоставувањето на национална платформа како основа на системот на образование од далечина, платформата и сите нејзини функционалности ќе се користат во секојдневната работа на училиштата, во комбинирањето на редовната работа со е-содржини, во нудење на различни извори и пристапи на учење, во проверувањето на постигнувањата на учениците, како и следењето и вреднувањето на образовниот процес.
- Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи;

- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на Општината и училиштето за унапредување на воспитно – образовниот процес;
- Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците и стручните соработници кои се приправници;
- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник - ментор, наставник /стручен соработник - советник);
- Соработка со ресурсен центар “Др Златен Сремац” - Скопје

## Меѓународни фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години

Училиштето соработува со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес само преку

E- twinning проекти со дел од наставниците. Се надеваме дека соработката ќе се зголеми и ќе се прошири преку реалиција на повеќе Еразмус проекти.

* Learning with Creativa Drama од 01.09.2020-01.01.2023 Еразмус проект ( Во органзација и поддршка од Националната агенција за европски проекти )

*Why not? од 01.09.2020-01.10.2022 Еразмус проект ( Во органзација и поддршка од Националната агенција за европски проекти )

*Fit 4 Life од 01.09.2020-31.08.2023 Еразмус проект ( Во органзација и поддршка од Националната агенција за европски проекти)

- Во рамките на постоечките проекти училиштето соработува со претставништвата на УНИЦЕФ и УСАИД во нашата држава.
- Училиштето активно ги следи и учествува на распишани меѓународни конкурси, а притоа наши ученици се добитници на награди и на тој начин го афирмираат нашето училиште во странство.
- Училиштето соработува со Yahya Kemal College, кое зема учество на меѓународен настан World Scholar`s Cup.
- Меѓународен натпревар по англиски јазик Hippo Olympiad.

**СВОТ анализа**

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| • Училиштето целосно ги реализира наставните програми и проекти одобрени од МОН и БРО<br>Училиштет е вклучено во неколку проекти - Еразмус + проект –КА229<br>• Учениците се поттикнуваат за учество во вонаставни активности без разлика на нивната етничка и полова припадност<br>• Наставниците од одделенска и предметна настава изработуваат ИОП со помош на Инклузивниот тим на училиштето и ја прилагодуваат наставата на можностите на сите ученици<br>• Наставниците изведуваат настава со | •Идентификување на талентирани и надарени ученици<br>•Недостаток на нагледни и дидактички средства за реализација на современа настава<br>• Потреба од континуирано усовршување на наставниците<br>•Во училиштето има потреба од поголем број на хигиеничари-хигиената не задоволува.<br>• Недостиг во училиштето со нов лектирен книжен фонд<br>•Подобрување на инфраструктурата( реновирање на дел |

| | |
|---|---|
| примена на современи техники, методи и активности при изведувањето на наставата<br>• Училиштето редовно води евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност и поведение и навремено ги инфорира родителите<br>• Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор.<br>•Зголемен број на ученици заради изградба на нови згради(доселување од внатрешноста). | од подот и дел од санитарните јазли).<br>•Професионален развој - понатамошно и континуирано усовршување на вработениот наставен и стручен кадар<br>•Поголемо учество на родителите во работилници, предавања,трибини.<br>• Обезбедување на повеќе средства за континуирано одржување на постојните наставни средства и помагала<br>•Поактивно учество и побројно учество на родителите во животот и активностите на училиштето посебно на формалните родителски средби.<br>• Зајакнување на улогата на ученичката заедница и на родителите за да се одржува континуирана вклученостна учениците и родителите во донесувањето одлуки во училиштето. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| -Изнаоѓање на разни медиуми за информирање на пошироката јавност за воспитно-образовна работа на училиштето<br>-Поддршка од бизнис сектор за подобрување на квалитетот на училиштето.<br>-Воспоставување партнерства со други училишта-заеднички вонnаставни активности со учениците | -Многу често нивото на загаденост на воздухот е високо, така што оневозможува максимално искористување на просторните услови на училиштето за реализација на активности на отворено.<br>-Незаинтересираност на родителите за соработка што може да доведе до слаби резултати на учениците во образовниот процес<br>-Игнорирање на родителите на поканите од страна на училиштето особено родители на оние ученици кои покажуваат слаб успех<br>-Недоволна мотивираност на наставниот кадар за сопствено стручно усовршување<br>-Неможност на наставниците самостојно финансиски да си обезбедат парични средства за потребната обука |

## 6. Мисија и визија на основното училиште

**Мисија** - Сакаме да создадеме училиште во кое на учениците ќе им понудиме квалитетни знаења, услови за развивање на креативноста и истражувачкиот дух, стекнување на самостојност и самодоверба, меѓусебно почитување и изучување на културата на живеење на етникумите во Р.С. Македонија.

**Визија**- Лидер училиште со квалитетен наставен кадар и модерен пристап во образовниот процес. Со континуирано следење на светските трендови за усвојување на знаење и примена за современи техники и методи кои поттикнуваат критичко размислување кај учениците и употреба на дигитални алатки, преку споделување на искуства со сродни училишта од земјата и надвор и учество на меѓународни и локални проекти.

**Мото**- „Ја почитуваме и развиваме индивидуалноста на секое дете“

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| **Приоритетно подрачје** | **Постигања на учениците<br>Учење и настава** |
|---|---|

1. **<u>Стратешка цел 1.</u>**
   **Подобрување на квалитетот на наставата**

Развојна цел 1.1. **Споредбена анализа и следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование и по етничка припадност.**
Развојна цел 1.2. **Спроведување на систем за идентификување и превземање мерки за работа со надарени и талентирани ученици**
Развојна цел 1.3. **Осовременување на кабинетите со потребни средства и помагала.**
Развојна цел 1.4.**Обновување на застарената или неупотреблива ИКТ опрема**
Развојна цел 1.5.**Континуирано усовршување на вработениот наставен и стручен кадар за подобрување на воспитно образовниот процес.**

**Конкретна цел 1.1.**
**Да се следи напредокот на учениците при премин од еден во друг циклус и по етничка основа**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Утврдување на напредокот на учениците обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците | -наставници<br>-ученици<br>-стручна служба | 2022-2024<br>1 тромесечие<br>1 полугодие<br>3 тромесечие<br>Крај на годината | -компјутер<br>-хартија | -комисија за следење |

**Конкретна цел 1 .1.1.**
**Споредбена анализа**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка на имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| проверка на напредокот на учениците обработка на податоци | следење на постигањата на учениците | -наставници<br>-ученици<br>-стручна служба | Следење на напредокот помеѓу трето и четврто одделение<br>Следење на напредокот помеѓу шесто и седмо одделение | -компјутер<br>-топ хартија | -комисија за следење |
| **Конкретна цел 1.2.**<br>**Идентификувае на надарените и талентираните ученици** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| Изготвување на инструменти за идентификување на надарени Идентификување на надарените ученици | Идентификување на надарени и талентирани ученици | -Стручна служба, наставници | 2022-2026 | Компјутер, инструменти за следење | -стручна слуѓба, директор |
| **Конкретна цел 1.3 Увид во состојбата на кабинетите** | | | | | |
| активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рмка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Избор на комисија за увид во состојбата | -утврдена состојба на кабинетите | -комисија за увид<br>-пописна комисија | Почеток на учебна година | -пописни листи | -пописна комисија<br>-директор<br>-комисија за увид |
| **Конкретна цел 1.3.1.Изготвување на листа за приоритети** | | | | | |
| активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Избор на комисија за увид на приоритети | Изготвување на листа за приоритети за набавка | -пописна комисија | Почеток на учебна година | -записник од комисија, Компјутер, хартија | -пописна комисија<br>-директор<br>-комисија за увид |
| **Конкретна цел 1.4.Утврдување на функционалноста на ИКТ опрема** | | | | | |
| активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Избор на комисија за утврдување на ИКТ опремата | Утврдена функционалноста на ИКТ опрема | Комисија за увид | Тековно во 2022-2026 | Пописни листи,компјутер ,листови | Директор,<br>Комисија за увид<br>Наставник по информатика |
| **Конкретна цел 1.4.1.Набавка на нова ИКТ опрема** | | | | | |
| активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Барање донации од фирми, компании, Набавка на нова ИКТ опрема, -Соработка и барање на помоќ од локалната самоуправа, | Набавена ИКТ опрема | Комисија за набавка на нова ИКТ опрема | Во континиуитет | Записник од комисијатаза утврдување на приоритети | Директор, Комисија за следење на набавка нова опрема.ИКТ опрема, Наставник по информатика |
| **Конкретна цел1.5. Континуирано усовршување на вработениот наставен и стручен кадар за подобрување на воспитно обрзовниот процес** | | | | | |
| активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Да се постават приоритети за стручно усовршување<br>-избор на обуки | -да се утврди видот на обуката<br>-период за реализација на обуките | -наставници<br>-стручна служба<br>-тим за професионален развој<br>-директор | Тековно 2022/2026 | -анкети | -директор<br>-тим за професионален развој<br>-наставник ментор<br>-стручна служба |

| **Приоритетно подрачје** | **Училишна клима** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Стратешка цел 2</u> Проширување и продлабочување на соработката со родителите, учениците, локалната самоуправаи другите институции**<br>1.Развојна цел 1.1. Поголема вклученост на родителите во училиштето | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.**<br>**Поголема вклученост на родителите во работилници, предавања, трибини од различни области и други активности** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -определување на активност<br>-избор на родител (предавач)<br>-определување на временска рамка на активноста | -зголемена соработка со родителите | -директор<br>-стручна служба<br>-наставници<br>-ученици<br>-родители | -тековно 2022-2026 година | Компјутер<br>Смарт табла<br>Листови | Комисија за следење на активностите |

| **Приоритетно подрачје** | **Ресурси** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. **<u>Стратешка цел 3.</u> Подобрување на инфраструктура на училиштето**<br>1.Развојна цел 1.1. Инфраструктура – реновирање на дел од подни површини<br>2.Развојна цел 1.2. Реконструкција на преостанатите санитарни јазли | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1**<br>Да се изврши проценка на подни површини | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Проценка на степенот на оштетеност | Проценет степенот на оштетеност | Директор<br>Комисија за проценка од 3 члена<br>Хаус мајстор | Почеток на учебна година | Пописна листа<br>Извештај од комисијата | комисија за следење |
| **Конкретна цел 1.1.2**<br>**Реновирање на подни површини** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Реализација на санација на подни површини | Реновирани и санирани подни површини | Училиште<br>Хаус мајстор<br>Избраниот изведувач | Тековно | Извештај од сработена активност | Комисија за следење |
| **Конкретна цел 1.2**<br>**Утврдување на приоритет за санација на санитарните јазли** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Проценка на оштетеност на санитарни јазли | Утврден степен на оштетеност на санитарните јазли | Директор<br>Хаус мајстор<br>Членови на комисија | Тековно | Извештај од утврдениот степен на оштетеност | Комисија за следење |
| **Конкретна цел 1.2.1**<br>**Санација на санитарни јазли** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Санација на санитарни јазли | Санирано | Училиште<br>Хаус мајстор | Тековно | Извештај од санација | Комисија за следење |

## 8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Соработката на училиштето со родителите и во наредниот период ќе се заснова на транспарентност и продуктивност со вклучување на работата во родителите во животот и работата на училиштето.
Вклученост на родителите/старателите во животот и работата во училиштето.
Соработката со родителите има за цел одржување на нишката на „триаголник" во воспитно-образовниот процес на учениците:ученик-наставник-родител. За таа цел осмислени се и

планирани низа активности за соработка со родителите.
Учеството на родителот може да биде непосредно, при што родителот има можност да ги изнесе своите мислења, очекувања и барања (родителски состаноци, трибини и сл.) и посредно (здруженија на родители, совет на родители и сл.). Воспоставувањето на соработката започнува уште на самиот старт.

## Индивидуален разговор

Истите према карктерот може да бидат информативни, кога родителите се информираат за успехот и поведениеото на учениците.
Планирани се посебни приемни денови за индивидуални средби со родитеите во определени термини заради непречено одвивање на наставниот процес. На тие средби акцентот ќе биде насочен на индивидуалниот воспитно- образовен развој на ученикот како и на целосната негова социјализација во средината.

## Групни родителски состаноци:

Каде се гледаат глобално проблемите во оделението и каде воспитно се влијаее за зголемувањето на педагошката култура и педагошкото просветување на родителите.
Планирани се четири до пет родителски средби, на кои покрај успехот и дисциплината на ученикот ќе се разговара и за начините на кој би се подобриле условите во училиштето и за тековни работи кои се случуваат во училиштето.

## Родителите за успехот на учениците ќе бидат известувани на следниов начин:

- усно ( во текот на индивидуалните средби)
- писмено ( преку евидентни листови)

## Вклучување на родителите во планираните активности во училиштето:

Во текот на учебната година зависно од програмското подрачје за работа родителите би ги вкпучиле во активности според професии и занаети во кои тие се вклучени, а истите во наставата би придонеле за поуспешно реализирање и остварување на постаавените цели.
Вклученост на родителите/ старателите во процесот на учење и вонннаставните активности

## Во процесот на учење

Семејствата добиваат информации за наставниот процес преку континурана соработка со Училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба и учениците. За поуспешна реализација на наставниот процес, по потреба се вклучуваат и родителите споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства.
На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и вонннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење. Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, над 100 оправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување согласно законот се поканувaат на советување кое што го води психологот на училиштето. Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

## Во активностите во училиштето

Советот на родители придонесува во подобрување на условите за работа и унапредување на реализација и на вонннаставните активности во училиштето. Истовремено Советот на родители дава потполна поддршка на училиштето во спроведување на проектите што треба да се

реализираат во текот на учебната година. Соработка е воспоставена на начин што некои родители одржуваат предавања, работилници, изработуваат помошни наставно - дидактички средства, изработуваат разни проекти или земаат учество во изработка на проекти. Родителите активно се вклучени и при давањето помош на своите деца во изготвување на домашните задачи, во организацијата да се посетат културни институции, како музеј, опера, театар, при организирање на екскурзии, спортски натпревари и др.

Во донесување одпуки

Преку Советот на родителите, Училишната заедница, Училишниот Одбор, родителите активно партиципираат во давање предлози, идеи како и во носење одлуки во училиштето кои што се од витално значење за функционирање на училиштето, наставниот процес и воннаставните активности. Родителите имаат активна улога во давање иницијативи и се вклучени во организирање на воннаставните активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави, приредби, нагледни активности во рамките на различни наставни предмети и сл.

Едукација на родителите/ старателите

Во текот на учебната година со организираат стручни едукативни предавања за родителите со цел превенција од насилно однесување кај учениците, зависности од дрога и алкохол, поттикнување на меѓуетничката толеранција и други современи закани.

Изработка на брошура за родители

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

### Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко(општина Кисела Вода, урбана заедница, влада на РМ). Дел од културно образовните активности во училиштето се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина. Особено значајна е соработката на училиштето со бизнис заедницата.

## Институции од областа на културата

Училиштето остварува и во иднина ќе ја продлабочува соработката со сите институции од областа на културата.

## Институции од областа на образованието

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО, ДПИ, Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Македонија, со детските градинки, основните и средни училишта и Филозофскиот Факултет. Соработката со основните училишта од општина „Кисела Вода", градот, републиката и пошироко и се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и вонанставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско - рекреативен и забавен карактер.

Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно - образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.

.

## Невладини организации

Училиштето остварува соработка со Црвениот Крст на Македонија, невладини организации и разни еколошки друштва. Се планираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер.

## Спортски друштва

Училиштето соработува со повеке спортски клубови: ракометен клуб, кошаркарски клуб и одбојкарски кпуб, клуб за модерни танци и играорна, со цел унапредување нздравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење.

## Здравствени организации

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со: ЈЗУ Поликпиника „Јане Сандански", МКФ - Меѓународна класификација за попречености, „Заводот за ментално здравје", МКФ и други институции кои нудат здраствени и психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

## Медиуми (со цел промоција на училиштето)

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации. Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година годината преку разни списанија и весници,стручни списанија, како Просветно дело, Арс Ламина и други, како и преку радио и телевизиски емисии.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

Следењето на имплементацијата ќе се врши во текот на целата учебна година, а извештајот ќе се доставува на крајот од секоја учебна година преку заклучоци и дадени препораки.

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин на следење** | **Време на следење** | **Одговорни лица** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|---|
| **Постигање на учениците**<br><br>**Учење и настава** | • Проверка на изработениот акционен план.<br>• Извештаи од реализирани активности.<br>• Редовна контрола на исправноста.<br>• Увид во Годишните извештаи на училиштето. | 2022 – 2026 | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма | Наставнички совет, Училишен одбор, Општина Кисела Вода |
| **Ресурси:** | • Извештаи од извршените набавки.<br>• Увид во работата на наставниците.<br>• Увид во постигањата на учениците.<br>• Разговори со наставниците за редовно и правилно користење и одржување на ресурсите. | 2022 – 2026 | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма | Наставнички совет, Училишен одбор, Општина Кисела Вода |
| **Учење и настава:** | • Извештаи од реализирани обуки и работилници.<br>• Разговори со наставниците.<br>• Разговори со учениците.<br>• Протоколи за набљудување на часови.<br>• Увид во Годишни извештаи на училиштето.<br>• Следење на професионалното досие на наставниците и стручните соработници. | 2022 – 2026 | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма | Наставнички совет, Училишен одбор |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период во сите сегменти на планирањето како и неговата реализација.Тоа ќе се врши преку полугодишни и годишни извештаи за работата на тимовите.На секои две години училиштето изготвува самоевалуација преку која исто така ќе се врши евалуација на развојната програма за работа на училиштето преку следните техники и истражувачки постапки:
-интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти;
-анкети со наставници, ученици и родители;
-набљудување на условите за работа, активностите на учениците, мотивација на наставниците и учениците при реализација на предвидените содржии.

| Евалуацијата ќе се врши преку: |
|---|
| Увид во работата на наставниците |
| Увид во соработката со родителите |
| Увид во постигањата на учениците |
| Протоколи за следење на часови и активности |
| Дискусии |
| Прашалници |
| Записници |
| Извештаи |

Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната самоуправа, МОН, БРО и други институции.
Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето треба да ги планираме.
Следењето на имплементацијата ќе се врши во текот на целата учебна година, а извештајот ќе се доставува на крајот од секоја учебна година преку заклучоци и дадени препораки.

## 12. Заклучок

Врз основа на член 49 став (1), (2) и (3) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019 година), ООУ „Кирил Пејчиновиќ"– Скопје ја изготви Развојна програма за работа на основното училиште за период од 2022 – 2026 година.

Развојната програма на ООУ „Кирил Пејчиновиќ" – Кисела Вода е еден од основните документи во работата на училиштето базирана врз разгледувањето на извештаите од спроведените самоевалуации во училиштето, резултатите од последната интегрална евалуација од страна на ДПИ, како и резултатите од анкетите од редот на наставниците, родителите и учениците со цел согледување на моменталната слика на училиштето. Беа воочени сите предности и недостатоци во училиштето, силните и слабите страни во досегашното работење на училиштето, како и пречките

во остварувањето на одредени приоритетни подрачја во изминатата развојна програма на училиштето. Врз основа на целата оваа документација, се изработи SWOT анализата. Комисијата ги разгледа и донесе одлука кои препораки / предлози за подобрување од подрачјата ќе ги земе за приоритетни во оваа развојна програма.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

| | Име и презиме | Работна позиција |
|---|---|---|
| 1. | Борче Миревски | Директор |
| 2. | Весна Бошковска | Одделенски наставник- Ментор (претседател) |
| 3. | Жаклина Стојановска | Педагог |
| 4. | Велика Миленковска | Дефектолог |
| 5. | Биљана Мицковска | Член (одделенски наставник) |
| 6. | Викторија Г. Младеноска | Член (одделенски наставник) |
| 7. | Наташа Лосковска | Член на Училишен Одбор (предметен наставник) |
| 8. | Лидија Блажевска | Член (предметен наставник) |

## 14. Користена литература


- Закон за основно образование
- Закон за наставници и стручни соработници
- Закон за работни односи
- Закон за јавни набавки
- Законот за организација и работата на органите на државната управа
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
- Статут на училиштето
- Стратегијата за образование 2022–2026
- Наставен план за основно образование
- Годишни програми на училиштето од претходните четири години
- Извештаи за работата на училиштето од претходните четири години
- Извештај од интегралната евалуација на училиштето
- Самоевалуација на училиштето